Град Скопје

# ДОЗВОЛА
# за усогласување со оперативен план

**Друштво за производство, трговија и услуги**
**ВИНАРИЈАСКОВИН ГРУПА ДООЕЛ**
**– Скопје**

**ул.„15-ти Корпус“, бр.3**
**1000 Скопје**

Дозвола бр. 08/17-4490/7

Содржина

**Вовед**........ 3
**Краток опис на инсталацијата регулирана со оваа дозвола**........ 4
**Комуникација**........ 6
**Доверливост**........ 7
**Промени во дозволата**........ 8
Преглед на барани и доставени документи........ 9
**Нацрт Дозвола за усогласување со оперативен план**........ 10
**1.Услови**........ 11
1.1 Инсталација за која се издава дозволата........ 11
**2.Работа на инсталацијата**........ 14
2.1 Техники на управување и контрола........ 14
2.2 Суровини (вклучувајки и вода)........ 16
2.3 Ракување и складирање на отпад........ 18
2.4 Преработка и одлагање на отпад........ 20
2.5 Спречување и контрола на хаварии........ 21
2.6 Мониторинг........ 22
2.7 Престанок со работа........ 23
2.8 Инсталации со повеќе оператори........ 23
**3. Документација**........ 24
**4. Редовни извештаи**........ 26
**5. Известувања**........ 27
**6. Емисии**........ 28
6.1 Емисии во воздух........ 28
6.2 Емисии во почва ........ 31
6.3 Емисии во вода (различни од емисии во канализација)........ 31
6.4 Емисии во канализација........ 31
6.5 Емисии на топлина........ 33
6.6 Емисии од бучава........ 33
6.7 Емисии од вибрации........ 35
**7. Пренос од пречистителна станица за отпадни води** ........ 36
**8. Оперативен план**........ 39
**9. Договор за промени во пишана форма**........ 40
**10. Додаток 1**........ 41
10.1 Писмена потврда за условот 5.1 (известувања), согласно условот 5.2........ 41
**11. Додаток 2**........ 42
11.1 Извештаи за податоците од мониторинг........ 42
**12. Додаток 3**........ 44
12.1 Пенали како мерка за исполнување на обврските од Дозвола........ 44
12.2 Определување пенали........ 44
12.3 Присилна наплата........ 44

# Вовед

Овие воведни белешки не се дел од дозволата.

Следната дозвола е издадена согласно Законот за животна средина ("Службен весник на РМ" бр. 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/2010, 51/11, 123/12,93/13, 42/14, 44/15, 129/15, 192/15, 39/16 и 99/18) за работа на инсталација што извршува една или повеќе активности наведени во Уредбата на Владата за
"Определување на инсталациите за кои се издава интегрирана еколошка дозвола со временски распоред за поднесување оперативни планови", до одобреното ниво во Дозволата.

# Краток опис на инсталацијата регулирана со оваа дозвола

Винаријата Друштво за производство, трговија и услуги ВИНАРИЈАСКОВИН ГРУПА ДООЕЛ Скопје се наоѓа во периферниот источен дел на Скопје, во индустриската зона Маџари, општина Гази Баба. ВИНАРИЈАСКОВИН ГРУПА ДООЕЛ Скопје ја презема инсталацијата од претодниот сопственик СКОВИН АД Скопје во Јуни 2019 година, со проектиран капацитет на производниот погон од 20 000 000 l/god. вино и 10 000 l/god. rakija. Актуелниот капацитет на производство е 75% од вкупниот инсталиран капацитет или околу 15 000 000 л/год. Вкупниот број на вработени изнесува 102 лица кои работат во една или две смени, во зависност од тековните активности. Во непосредна близина на инсталацијата се наоѓаат и други индустриски и деловни објекти: Јавни царински складишта, Фершпед АД, Шпедиција СОАРЕ и Средното училиште АСУЦ „Боро Петрушевски" со автополигон. Од аспект на географската поставеност, ако се имаат предвид: поврзаноста со останатата инфраструктура – водоводна и канализациона мрежа, патната комуникација, како и некои други особености, локалитетот поседува солидна местоположба.
Основната дејност ВИНАРИЈАСКОВИН ГРУПА ДООЕЛ е преработка на грозје и производство на вино.,

Денес, производната програма се состои од два дела:

- Производство на наливно вино и
- Производство на флаширано вино

Инсталацијата претставува комплекс на згради организирани на следниот начин:

- Чуварница;
- Управна зграда;
- Објект (барака) – канцеларии на менаџер за квалитет, сектор за финансии и лабараторија
- Приемни грла – вкупно четири за прием на грозје;
- Хала за примарна преработка на грозје;
- Простор со резервоари за бурна ферментација;
- Три простории со резервоари за вино;
- Акцизен склад;
- Флашара;
- Магацин за готови производи;
- Магацин за енолошки средства;
- Котларница;
- Објект за дестилација;
- Машинска работилница;
- Трафостаница;
- Подстаница за вода (сопствен извор на вода).

Според природата на технолошкиот процес во инсталацијата се генерира следниот вид на отпад:

- отпад од преработка на грозјето (лушпи,дршки,петелки,комиње,талог од цистерни);
- отпад од филтри за прочистување на виното;
- отпад од хартија;
- измешан комунален отпад;
- отпад од метал;
- отпад од средства за чистење и дезинфекција, хемикалии од лабораторија;
- отпадни масла;
- отпадни дрвени палети;
- отпад од пластика;
- бентонит.

Вкупната количина на отпад на годишно ниво изнесува 2 700 t.

Емисиите на штетни материи во атмосферата се случуваат преку еден испуст од котелската постројка која како гориво користи нафта. Фугитивна емисија на $CO_2$ при ферментација на грозјето (1819 t/god.). Емисија на отпдна вода во канализација (34 000 – 238 000 $m^3$/god.).
Емисија во почвата не се продуцира од работата на инсталацијата.од несоодветно привремено складирање на биоразградливиот отпад од остатоци на грозјето и талог од цистерни.
Како извор на емисија на бучава во инсталацијата е работата на парниот котел и , подстаницата за вода.

| **Други интегрирани дозволи поврзани со оваа инсталација** | | |
|---|---|---|
| Сопственик на дозволата | Број на дозвола | Дата на издавање |
| Нема | | |

| **Заменети дозволи/Согласности/Овластувања поврзани со оваа инсталација** | | |
|---|---|---|
| Сопственик | Референтен број | Дата на издавање |
| | | |

## Комуникација

Доколку сакате да контактирате со Органот на локалната самоуправа надлежен за работите од областа на животната средина (во понатамошниот текст Надлежниот орган) во врска со оваа дозвола, ве молиме наведете го Бројот на дозволата.

## Доверливост

Дозволата го обврзува Операторот да доставува податоци до Надлежниот орган.

Надлежниот орган ќе ги стави податоците во општинските регистри, согласно одредбите на Законот за животната средина. Доколку Операторот смета дека било кои од обезбедените податоци се деловно доверливи, може да се обрати до Надлежниот орган да ги изземе истите од регистарот, согласно Законот за животната средина. За да му овозможи на Надлежниот орган да определи дали податоците се деловно доверливи, Операторот треба истите јасно да ги дефинира и да наведе јасни и прецизни причини поради кои бара изземање. Операторот може да наведе кои документи или делови од нив ги смета за деловно или индустриски доверливи, согласно Законот за животната средина, член 55 став (2) точка 4. Операторот ќе ја наведе и причината поради која Надлежниот орган треба да одобри доверливост. Податоците и причината за доверливост треба да бидат приложени кон барањето за интегрирана еколошка дозвола во посебен плик.

## Промени во дозволата

Оваа Дозвола може да се менува во согласност со законот за животна средина.
Доколку дозволата овластува изведување на посебни активности од областа на управување со отпад, тогаш е потребно да се приложи уверение за положен стручен испит за управител со отпад на лицето задолжено за таа активност.

Преглед на барани и доставени документи

| Предмет | Датум | Коментар |
|---|---|---|
| Барање {Бр..} | Добиено | |
| Барање бр.17-4490/1 | 31.10.2011 година | Барањето имаше недостатоци |
| Барање за дополнување на Барањето бр. 17-4490/2 | 11.11.2011 година | Барање дополнителни податоци |
| Доставување на Ургенција бр. 17–4490/3 | 08.10.2013 година | Во врска со бараните податоци од извршениот увид |
| Објава на Барањето во печатен медиум | 04.11.2013 година | Објавено во дневниот весник "Утрински весник" |
| Достава на Барањето до општина Гази Баба | 14.11.2013 година | Согласно законските обврски |
| Подготвување Нацрт Дозвола за усогласување со оперативен план | 10.12.2013 година | Изготвена Нацрт Дозвола за усогласување со оперативен план |
| Одлука за отпочнување на постапка за преговарање бр.08-7770/1 | 11.12.2013 година | Донесена е Одлука за отпочнување на преговори и утврдување на тим за преговори |
| Дополнување на Барањето бр.17-4490/5 | 17.12.2013 година | Одговорено на доставените забелешки |
| Покана за прв состанок за преговори бр. 17-4490/5 | 18.12.2013 година | Испратена е поканата |
| Дозвола за усогласување со оперативен план бр. 08/17-4490/7 | 30.12.2013 година | Одлучено е позитивно |
| Барање за целосен пренос на Дозволата за усогласување со оперативен план бр. 17-3874/1 | 19.05.2020 година | Доставено |
| Налог при поднесување барање за целосен пренос на Дозвола за усогласување со оперативен план бр.17-3874/2 | 26.05.2020 година | Изготвен и доставен |
| Известување за корегирање и дополнување на барање за целосен пренос на Дозвола за усогласување со оперативен план бр. 17-3874/3 | 01.06.2020 година | Доставено |
| Барање за продолжен рок за дополнување по заклучок бр. 17-3874/4 | 03.07.2020 година | Доставено |
| Известување за одобрен продолжен рок | 09.07.2020 година | Доставено до операторот |

| | | |
|---|---|---|
| бр.17-3874/5 | | |
| Известување за изготвување генерална еколока ревизија бр.17-3874/6 | 17.07.2020 година | Доставено до операторот |
| Генерална еколошка ревизија бр. 17-3874/7 | 05.02.2021 година | Доставена |
| Записник од извршен увид бр.17-3874/8 | 07.04.2021 година | Извршен е увид во инсталацијата |
| Дополнување по забелешки од записник од увид бр. 17-3874/9 | 15.04.2021 година | Доставени |
| Изготвување на Дозвола за усогласување со оперативен план бр. 08/17-4490/7 | 16.04.2021 година | Изготвена |
| Решение за целосен пренос на Дозвола за усогласување со оперативен план бр.08-3874/10 | | Одлучено позитивно |

# Дозвола за усогласување со оперативен план

Дозвола бр.08/17-4490/7

Град Скопје во рамките на својата надлежност во согласност со член 95 од Законот за животна средина ("Службен весник на РМ" бр. 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/2010, 51/11, 123/12,93/13, 42/14, 44/15, 129/15, 192/15, 39/16 и 99/18), го овластува

**ВИНАРИЈАСКОВИН ГРУПА ДООЕЛ Скопје** {"Оператор "},
Со регистрирано седиште на
**Адреса: ул. 15-ти Корпус бр. 3, Скопје**
**Поштенски број, Град: 1000 Скопје**
**Држава: Република Северна Македонија**

**Број на регистрација на компанијата:** 7368283

да раководи со Инсталацијата

**Цело име на инсталацијата: Друштво за производство, трговија и услуги ВИНАРИЈАСКОВИН ГРУПА ДООЕЛ - Скопје**
**Адреса: ул. 15-ти Корпус бр. 3**
**Општина: Гази Баба**
**Поштенски број Град: 1000 Скопје**

Во рамките на дозволата и условите во неа.

Градоначалник на Град Скопје
Петре Шилегов

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА * ГРАД СКОПЈЕ - СКОПЈЕ * QYTETI I SHKUPIT - SHKUP * REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

Датум:

16. 06. 2021

# Услови

## 1. Инсталацијата за која се издава дозволата

1.1 Операторот е овластен да изведува активности и/или поврзани активности наведени во Табела 1.1.1

| **Табела 1.1.1** | | |
|---|---|---|
| Активност од Прилог 2 од УРЕДБАТА за определување на активности на инсталации за кои се издава интегрирана еколошка дозвола односно дозвола за усогласување со оперативен план и временски распоред за поднесување на барање за дозвола за усогласување со оперативен план | **Опис на наведената активност** | **Граници на наведената активност** |
| Останати активности, обработка и преработка наменети за производство на храна од растителни суровини.<br>Прилог 2, Точка 6. Подточка 6.4.(б) Производство на храна од растителни суровини, со капацитет на производство на готови производи од 30 до 300 т/ден (просечна вредност на квартална основа) | Максимално производство на 17.000.000 l вино | Активностите на инсталацијата ќе се одвиваат само во границите како што се прикажани во планот и Табела 1.2.1 и нема да го надмине проектираниот капацитет.<br>Y X |

1.2 Активностите во условите 1.1.1 ќе се одвиваат само во границите на локацијата на инсталацијата, прикажана на планот и Табела 1.2.1




Електротехничкото училиште, продавници заелектрична опрема и за врати
Авто полигон и АСУЦ “Боро Петрушевски”
Магацин на “Фершпед”, продавница за автоделови –Лукена, царинската испостава Скопје 3


ЛЕГЕНДА
1. Чуварница
2. Вага
3. Приемни грла I, II, III, IV
4. Хала за примарна преработка на грозје
5. Простор со резервоари за бурна ферментација (А - Бело, Б - Црвено)
6. Простор "А" - Резервоари за вино
7. Простор "Б" - Резервоари за вино
8. Простор "Ц" - Резервоари за вино
9. Акцизен склад во СКОВИН
10. Флашара
11. Магацин репроматеријали флашара
12. Продажен салон
13. Управна зграда
15. Соблекувална (15.1 ВЦ, 15.2 Бифе)
16. Котлара за технолошка пареа
17. Подстаница за вода
18. Магацин за резервни делови
19. Соблекувална работници флашара
20. Магацин готови производи под флашара
ЛЕГЕНДА
Патеки на движење на вработените


Влез
19
11
11
12
13
10
21
7
6
8

| Табела 1.2.1 | |
|---|---|
| Документ | Место во документацијата |
| 17-4490/1<br><br>17-3874/7 | Барање за Дозвола за усогласување со оперативен план (Прилози, Прилог 1и 2)<br>Генерална Еколошка Ревизија |

1.3 Согласно член 140 од Законот за животна средина доколку операторот не се придржува кон утврдените мерки, рокови и услови согласно оперативниот план, определени се посебни пенали во Додаток 3 на оваа Дозвола.

1.4 Операторот Друштво за производство, трговија и услуги ВИНАРИЈАСКОВИН ГРУПА ДООЕЛ Скопје, согласно договорот за обврските од Дозволата за усогласување со оперативен план и Законот за животна средина ги прифаќа сите одговорности и обврски кои произлегуваат од неа.

1.5 Оваа Дозвола е само за потребите на ИСКЗ согласно Законот за животна средина ("Службен весник на РМ" бр. 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/2010, 51/11, 123/12,93/13, 42/14, 44/15, 129/15, 192/15, 39/16 и 99/18) и ништо од оваа Дозвола не го ослободува Операторот од обврските за исполнување на барањата и условите од другите закони и подзаконски акти.

1.6 Инсталацијата ќе работи, ќе се контролира, ќе се одржува и емисиите ќе бидат такви како што е наведено во оваа Дозвола. Сите програми кои треба да се извршат стануваат дел од оваа Дозвола.

1.7 Инсталацијата не смее да работи над капацитетот наведен во Барањето без согласност и писмено одобрение на Надлежниот орган.

# 2. Работа на инсталацијата

## 2.1 Техники на управување и контрола

2.1.1 Инсталацијата за која се издава дозволата согласно условите во Дозволата ќе биде управувана и контролирана онака како што е опишано во ИСКЗ барањето, или на друг начин договорен со Надлежниот орган во писмена форма.

2.1.2 Во инсталацијата за која се издава Дозволата ќе се врши контрола од страна на обучен персонал кој ќе биде целосно запознаен со условите од Дозволата.

2.1.3 Одговорно лице за прашања од животната средина е Небојша Стојмановски.

2.1.4 Копија од оваа Дозвола, како и оние делови од Барањето кои се земени во предвид на оваа Дозвола ќе бидат достапни во секое време за секој вработен кој ја извршува работата за која се однесуваат некои од барањата во Дозволата.

2.1.5 Целиот персонал ќе биде целосно запознаен со оние аспекти од условите на Дозволата, кои се релевантни на нивните должности и ќе бидат поткрепени со соодветна обука и писмени оперативни инструкции за да се овозможи да ги извршуваат своите должности.

2.1.6 Операторот ќе достави копија од оваа дозвола до секој вработен чии должности се поврзани со некои услови на оваа Дозвола.

2.1.7 Операторот ќе воспостави и ќе одржува процедури за идентификување на потребите од обука и за обезбедување на соодветна обука за целиот персонал чија работа може да има значително влијание врз животната средина. Операторот е должен да чува записи од одржаните обуки.

2.1.8 Операторот ќе воспостави програма за подигање на јавна свест и обука за да се обезбеди дека јавноста може да добие информации во врска со состојбата на животната средина од Операторот во секое време.

2.1.9 Операторот ќе воспостави и одржува програма за одржување на целата инсталација и соодветна придружна опрема која ќе има ефект врз

состојбата на животната средина, врз основа на инструкциите кои се издадени од страна на производителите/добавувачите или инсталаторите на опремата. Операторот јасно ќе ја лоцира одговорноста за планирање, управување и извршување на сите аспекти од оваа програма на соодветните вработени лица.

## 2.2 Суровини ( вклучувајќи и вода )

2.2.1 Операторот, согласно условите од дозволата, ќе користи суровини ( вклучувајќи и вода) онака како што е опишано во документите наведени во Табела 2.2.1.1.a

| **Табела 2.2.1.1 : Суровини ( вклучувајќи и вода )** | | |
|---|---|---|
| **Опис** | **Документ** | **Дата кога е примено** |
| | Барање бр. 17-4490/1, Прилог IV, Табела IV.1-1 | 31.10.2011 |
| Гозје | -//- | -//- |
| Енолошки средства (антиоксиданси, ензими, квасци, храна за квасец, танини, бистрители, енолошки средства за филтрација, за доработка) | -//- | -//- |
| Хемикалии за лабораторија (фосфорна киселина, оцетна киселина, сулфурна киселина, натриум хидроксид, натриум тио сулфат, фелинг Iи II, калиум јодид, пуфери, и др.) | -//- | -//- |
| Стаклени шишиња | -//- | -//- |
| Пластични шишиња | -//- | -//- |
| Чепови | -//- | -//- |
| ПВЦ капици | -// | -//- |
| Лепак | -//- | -//- |
| Етикети | -//- | -//- |
| Картонски кутии | -//- | -//- |
| Стреч фолија | -//- | -//- |
| Средства за чистење | -//- | -//- |

| | | |
|---|---|---|
| и дезинфекција | | |
| Сулфур диоксид | -//- | -//- |
| Масти и масла | -//- | -//- |
| Вода | -//- | -//- |
| Нафта | -//- | -//- |
| Електрична енергија | -//- | -//- |

**Табела 2.2.1.1 а : Суровини ( вклучувајќи и вода )**

| Опис | Документ | Дата кога е примено |
|---|---|---|
| | Генерална Еколошка Ревизија бр. 17-3874/1 | 31.10.2011 |
| Антиоксиданси | -//- | -//- |
| Квасци | -//- | -//- |
| Храна за квасци | -//- | -//- |
| Танини | -//- | -//- |
| Бистрители | -//- | -//- |
| Енолошки средства за филтрација | -//- | -//- |
| Енолошки средства за доработка | -// | -//- |
| Хемикалии кои се користат во лабараторија | -//- | -//- |
| Вода | -//- | -//- |
| Гориво (нафта) | -//- | -//- |
| Електрична енергија | -//- | -//- |

2.2.2. Операторот ќе обезбеди безбедно чување на суровините и ќе се грижи за интегритетот на складиштето.

2.2.3 Сите садови, за чување на суровините ќе бидат јасно означени за да се знае нивната содржина.

2.2.4 Операторот во складиштето ќе има соодветен капацитет на опрема и/или соодветни апсорпциски материјали за да го задржат и апсорбираат било кое протекување во инсталацијата. Откако еднаш ќе се складира на соодветно место се до негово отстранување кое ќе се изврши во согласност со Надлежниот орган.

## 2.3. Ракување и складирање на отпадот

2.3.1. Операторот, согласно условите од Дозволата, ракувал и го складирал Отпадот онака како што е опишано во документите наведени во Табела 2.3.1.1 и Табела 2.3.1.2

| Табела 2.3.1.1: Ракување и складирање на отпадот | | |
|---|---|---|
| **Опис** | **Документ** | **Дата кога е примено** |
| Комунален отпад | Барање бр.17-4490/1 ,Прилог V, Табела V.2-1. | 31.10.2011 |
| Картонска амбалажа | -//- | -//- |
| Дрвени палети | -//- | -//- |
| Отпадни масла | -//- | -//- |
| Отпад од пластика | -//- | -//- |
| Отпад од стакло | -//- | -//- |
| Отпад од средства за чистење, дезинфекција и хемикалии | -//- | -//- |
| Отпад од метал | -//- | -//- |
| Отпад од филтри за прочистување на виното | -//- | -//- |
| Бентонит | -//- | -//- |
| Отпад од остатоци од грозје (лушпи, дршки, семки, петелки, комиње, талог од цистерни) | -//- | -//- |
| | | |

| Табела 2.3.1.2: Отпад складиран на самата локација | | | |
|---|---|---|---|
| **Опис на отпадот** | **Место за складирање на самата локација** | **Начин на складирање** | **Услови на складирање** |
| Комунален отпад | Одложување во метални контејнери | Со селектирање | Го празни ЈП Комунална хигиена |
| Отпадни масла | Се собираат на одредено место | Со одложување | Го превзема ЈП Комунална хигиена |
| Дрвени палети | Се собираат на одредено место | Со одложување | Се даваат на физички лица |
| Картонска амбалажа | Се собираат на одредено место во контејнер | Со одложување | Го празни Комуна АД, Скопје |
| Отпад од стакло | Се собира на одредено место | Со одложување | Го празни ЈП Комунална хигиена |
| Отпад од пластика | Се собираат на одредено место | Со одложување | Ги превзема приватна фирма |
| Отпад од средства за чистење, дезинфекција и хемикалии | Се селектираат во посебни садови | Со одложување | Ги превзема овластена фирма и ги носи на депонија Дрисла |
| Отпад од филтри за прочистување на виното | Се собираат на одредено место | Со одложување | Ги превзема овластена фирма и ги носи на депонија Дрисла |
| Отпад од метал | Се собираат на одредено место | Со одложување | Ги превзема приватна фирма |
| Отпад од остатоци од грозје (лушпи, дршки, семки, петелки, комиње, талог од цистерни) | Се собираат на одредено место | Со одложување | Ги превзема приватна фирма |
| Бентонит | Се собира на одредено место | Со одложување | Ги превзема овластена фирма и ги носи на депонија Дрисла |

2.3.2 Операторот, согласно условите од Дозволата, ќе ракува и ќе го складира Отпадот онака како што е опишано во документите наведени во Табела 2.3.1.1 а и Табела 2.3.1.2 а согласно извршената Генерална Еколошка Ревизија

| **Табела 2.3.1.1 а: Ракување и складирање на отпадот** | | |
|---|---|---|
| **Опис** | **Документ** | **Дата кога е примено** |
| Лушпи,дршки,семки, петелки,талог од цистерни | Генерална Еколошка Ревизија бр.17- 3874/7 | 05.02.2021 |
| Бентонит | -//- | -//- |
| Дотраени филтри | -//- | -//- |
| Отпад од искористени тонери | -//- | -//- |
| Отпад од пакување од хартија и картон | -//- | -//- |
| Отпад од пакување од пластика | -//- | -//- |
| Отпад од пакување од стакло | -//- | -//- |
| Отпад од пакување од<br>• средства за чистење и дезинфекција<br>• хемикалии во лабараторија<br>• масти и масла | -//- | -//- |
| Отпад од хортикултурно уредување | -//- | -//- |
| Отпадни дрвени палети | -//- | -//- |
| Тапи | -//- | -//- |
| Отпад од остатоци од опрема (метал) | -//- | -//- |
| Отпад од саѓи од котларница | -//- | -//- |
| Измешан комунален отпад | -//- | -//- |

| Табела 2.3.1.2 а: Отпад складиран на самата локација | | | |
|---|---|---|---|
| **Опис на отпадот** | **Место за складирање на самата локација** | **Начин на складирање** | **Услови на складирање** |
| Лушпи,дршки,семки, петелки,талог од цистерни | Привремено се складира на посебно место на локацијата до превземање од страна на овластена фирма | Со селектирање и одложување | Го презема Електро Шари |
| Бентонит | Се селектира заедно со биоразградливиот процес | Со селектирање и одложување | Го презема Електро Шари |
| Дотраени филтри | Се селектираат и собираат во посебни контејнери во зависност од видот | Со селектирање и одложување | Го превзема ЈП Комунална хигиена |
| Отпад од искористени тонери | Се предаваат на фирма за полнење, и потоа истата ги враќа тонерите полни | Со одложување | Го презема ЈП Комунална хигиена |
| Отпад од пакување од хартија и картон | Се селектира и одложува во посебни садови на посебно место | Со селектирање и одложување | Го презема Нутривет |
| Отпад од пакување од пластика | Еден дел се селектира во посебен сад за пластика и еден дел се рециклира | Со одложување | Го презема Пакомак |
| Отпад од пакување од стакло | Се селектира во посебен сад за стакло | Со одложување | Го презема ЈП Комунална хигиена |
| Отпад од пакување од<br>• средства за чистење и дезинфекција<br>• хемикалии во лабараторија<br>• масти и масла | Се селектира и оложува до преземање од страна на овластена фирма | Со одложување | Го презема Езо - Тех |
| Отпад од хортикултурно уредување | Се селектира и привремено се складира со | Со одложување | Ги презема Електро Шари |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | биоразградливиот отпад | | |
| Отпадни дрвени палети | Оштетените палети се реупотребуваат за отпад | Со селектирање | Ги презема Лозари и ЈП Комунална Хигиена |
| Тапи | Се собира на одредено место | Со одложување | Ги презема Лозари и ЈП Комунална Хигиена |
| Отпад од остатоци од опрема (метал) | Се предава на компанија за управување со метален отпад | Со одложување | Го презема Еко Центар 97 |
| Отпад од саѓи од котларница | Компанија за чистење и одржување оџаци | Го презема компанија за чистење и одржување оџаци | Го презема компанија за чистење и одржување оџаци |
| Измешан комунален отпад | Се собира во контејнери за измешан комунален отпад | Со одложување | Ги презема ЈП Комунална Хигиена |

2.3.3 Отпадот ќе се складира на место посебно определено за тоа, соодветно заштитено против прелевање и истекување на течностите.Отпадот јасно ќе се означи и соодветно ќе се оддели.

2.3.4 На внатрешната патна мрежа и работниот простор нема да има отпадоци. Во рамки на работните процедури, операторот ќе вклучи чистење на локацијата и елиминација на изворите на отпадоци.

## 2.4 Преработка и одлагање на отпад

2.4.1 Операторот, согласно условите во Дозволата, ќе го преработува и одлага отпадот како што е опишано во документите наведени во Табела 2.4.1.1

| **Табела 2.4.1.1.: Искористување и отстранување на отпадот** | | |
|---|---|---|
| **Опис** | **Документ** | **Дата кога е применo** |
| Прилог V | Барање бр. 17-4490/1<br>Генерална Еколошка Ревизија бр. 17-3874/7 | 31.10.2011<br>05.02.2021 |

2.4.2 Во границите на инсталацијата смее да се одлага исклучиво инертен отпад и отпад.

2.4.3 Отпадот кој се испраќа надвор од инсталацијата за рециклирање и одлагање ќе се транспортира само од страна на овластено лице на начин кој нема да има штетно влијание по животната средина во согласност со соодветните национални и европски законски регулативи и протоколи.

2.4.4 За активностите кои се поврзани со операции за управување со отпад на локацијата ќе се води целокупна евиденција, која ќе биде достапна за инспекција од страна на овластени лица на Надлежниот орган во секое време. Оваа евиденција треба да содржи минимум од следниве детали:

- Имиња на превземачот и транспортерите на отпад;
- Името на лицата кои се одговорни за крајното одлагање/рециклирање на отпадот;
- Крајна дестинација на отпадот;
- Писмена потврда од приемот и одлагањето/рециклирањето на отпадот за било какви опасни материи кои се пратени надвор од локацијата;
- Тонажи и МК код за отпадните материи;
- Детали за одбиени консигнации.

## 2.5 Спречување и контрола на хаварии

2.5.1 Операторот, согласно условите во дозволата. Ќе ги спречи и ограничи последиците од хаварии, онака како што е опишано во документите наведени во Табела 2.5.1.1, или на друг начин писмено договорен со Надлежниот орган.

**Табела 2.5.1.1. : Спречување и контрола на несакани дејствија**

| **Опис** | **Документ** | **Дата кога е примено** |
|---|---|---|
| Прилог XIII | Барање бр.17-4490/1<br>Генерална Еколошка Ревизија бр.17-3874/7 | 31.10.2011<br>05.02.2021 |

2.5.2 Во случај на несреќа операторот веднаш треба да:

- Го изолира изворот на било какви емисии

- Спроведе непосредна истрага за да се идентификува природата, изворот и причината на било која емисија која произлегува од тоа.
- Го процени загадувањето на животната средина, ако го има предизвикано со инцидентот.
- Го забележи датумот на несреќата.
- Го извести надлежниот орган и другите релевантни власти.

2.5.3 Операторот треба да достави предлог за одобрување до надлежниот орган во рок од еден месец од несреќата која се случила или на друг начин договорен со Надлежниот орган. Предлогот има за цел да:

- Идентификува и постави мерки за да се избегне повторно случување на несреќата и
- Идентификува и постави било какви активности за санација.

## 2.6 Мониторинг

2.6.1 Операторот, согласно условите во Дозволата, ќе изведува мониторинг ќе го анализира и развива истиот како што е опишано во документите наведени во Табела 2.6.1.1

| **Табела 2.6.1.1. : Мониторинг** | | |
|---|---|---|
| **Опис** | **Документ** | **Дата кога е примено** |
| Поглавје XI | Барање бр. 17-4490/1<br>Генерална Еколошка Ревизија бр.17-3874/7 | 31.10.2011<br>05.02.2021 |

2.6.2 Операторот ќе обезбеди :

а безбеден и постојан пристап до мерните места, за да се овозможи земањето примероци/мониторингот да биде изведено во релација со точките на емисија наведени во Додаток 2, освен ако не е поинаку наведено во Додатокот, и

б безбеден пристап до други точки на земање примероци/мониторинг, кога тоа ќе го побара Надлежниот орган.

2.6.3 Земањето примероци и анализите ќе се изведува според ISO стандардите.

2.6.4 Се задолжува ВИНАРИЈАСКОВИН ГРУПА ДООЕЛ - Скопје редовно да доставува Извештај од извршените мерења од Мониторингот што може да го врши било која овластена лабораторија која е акредитирана за мерења на сите параметри наведени во Дозволата. Извештаите треба по службен пат редовно да се доставуваат до Град Скопје, Секторот за заштита на животната средина.

2.6.7 Фрекфенцијата, методите и обемот на мониторинг, начинот на земање на примероци и анализа ќе се извршуваат како што е наведено во оваа Дозвола или може да се изменат во согласност со Надлежниот орган кој ќе ја следи проценката на доставените резултати.

## 2.7 Престанок со работа

2.7.1 Операторот, согласно условите во Дозволата, ќе обезбеди услови за престанок на работата на инсталацијата како што е опишано во документите наведени во Табела 2.7.1.1, или на друг начин договорен со Надлежниот орган на писмено.

| **Табела 2.7.1.1. Престанок со работа** | | |
|---|---|---|
| **Опис** | **Документ** | **Дата кога е примено** |
| Поглавје XIV | Барање бр.17-4490/1 | 31.10.2011 |

2.7.2 Операторот во рок од 24 месеци треба да подготви детален план со финансиски импликации за престанок на работа на инсталацијата или нејзино затварање во целост.

2.7.3 Планот минимум треба да содржи :

- Изјава за обемот на планот.
- Критериуми кои дефинираат успешен престанок со работа на активностите или на дел од нив, кој обезбедува минимум влијанија врз животната средина.
- Програма за постигнување на наведените критериуми.
- Финансиски детали за планот и како тие ќе бидат обезбедени.

2.7.4 Операторот ќе обезбеди јасна и детална проценка на ризикот од еколошка одговорност што ќе ги опфати одговорностите/обврските од минатите и сегашните активности.Оваа проценка ќе ги вклучи одговорностите/обврските и трошоците за исполнување на планот за управување со ризикот по затворање на инсталацијата.

**2.8 Инсталации со повеќе оператори**

2.8.1 Со инсталацијата за која се издава Дозволата управува само еден оператор или:

Оваа Дозвола е валидна само за оние делови од инсталацијата што се означени на мапата и Табела 1.2.1. од оваа Дозвола.

# 3. Документација

3.1 Документацијата ќе содржи податоци за :

- секоја неисправност, дефект или престанок на работата на постројката, опремата или техниките ( вклучувајќи краткотрајни и долготрајни мерки за поправка ) што може да има, имало или ќе има влијание на перформансите за животна средина што се однесуваат на инсталацијата за која се издава Дозволата. Овие записи ќе бидат чувани во дневникот воден за таа цел;
- целиот спроведен мониторинг и земањето примероци и сите проценки и оценки направени на основа на тие податоци.

3.2 Документацијата од 3.1 ќе биде достапна за инспекција од страна на Надлежниот орган во било кое пристојно време и тоа :.

3.3 Копија од било кој специфициран или друг документ ќе му биде доставен на Надлежниот орган на негово барање и без надокнада.

3.4 Специфицираните и другите документи треба :

- да бидат читливи

- да бидат направени што е можно побрзо
- да ги вклучат сите дополнувања и сите оригинални документи кои можат да се приложат.

3.5 Операторот е должен специфицираната и другата документација да ја чува најмалку пет години вклучувајќи го и престанокот со работа на инсталацијата.

3.6 Копија од било кој специфициран или друг документ ќе му биде доставен на Надлежниот орган на негово барање без надокнада.

3.7 За целиот примен или создаден отпад во инсталацијата за која што се издава Дозволата, операторот ќе има документација (и ќе ја чува најмалку пет години вклучувајки го и престанокот со работа на инсталацијата) за:

- Најдобра проценка на количината создаден отпад;
- Трасата на транспорт за одлагање; и
- Најдобра проценка на количината отпад испратен на преработка.
- Количината на отпадот ( изразена во тони ) испратен надвор од локацијата за одложување/рециклирање според Листата на видови на отпад.
- Имиња на лице/фирма задолжено за транспорт на отпад, како и детали околу добиената дозвола за собирање.
- Детали за крајната дестинација на одложување/рециклирање на отпад и нејзината соодветност да го прифати упатениот отпад.
- Писмена потврда за прифаќање и одлагање/преработка на опасен отпад кој е испратен надвор од локацијата.
- Количините и означување на типовите на отпад кои се рециклираат или одложуваат на локацијата, според Листата на видови отпад ( Сл.Весник на РМ 100/05 ).

3.8 Операторот на инсталацијата за која што се издава Дозволата ќе направи записник, доколку постојат жалби или тврдења за нејзиното влијание врз животната средина. Во записникот треба да стои датум и време на жалбата, како и краткото резиме доколку имало било каква истрага по таа основа и резултати од истата. Таквите записи треба да бидат чувани во дневник за таа цел и ќе го извести Надлежниот орган во рок од 24 часа.

3.9 Операторот е должен да ги чува следниве документи на локацијата :

- Дозволи поврзани со инсталацијата.
- Записи од сите прибирања на примероци за анализи, мерења, испитувања, калибрирања и одржување кое е извршено во согласност со барањата на оваа Дозвола и целиот мониторинг кој се поврзува со перформансите во однос на животната околина на инсталацијата.
- Целата коресподенција со Надлежниот орган.

3.10 Операторот ќе води записи за секој инцидент. Овој запис треба да вклучува детали за природата, обемот и влијанието на инцидентот, како и причините што довеле до него. Евиденцијата треба да ги вклучува и превземените корективни мерки за да се управува со инцидентот, да се минимизира генерираниот отпад и ефектот врз животната средина и да се избегне негово повторно случување. Операторот треба што е можно побрзо по известувањето за инцидентот, да му поднесе евиденција за инцидентот на Надлежниот орган.

# 4. Редовни извештаи

4.1 Сите извештаи и известувања што ги бара оваа Дозвола, операторот ќе ги испраќа до Надлежниот орган за животна средина.

4.2 Операторот ќе даде извештај за параметрите од Табела Д2 во Додаток 2 :

а во однос на наведените емисиони точки

б за периодите за кои се однесуваат извештаите наведени во Табела Д2 од Додаток 2 и за обликот и содржината на формуларите, операторот и надлежниот орган ќе се договорат за време на преговорите;

в давањето на податоци за вакви резултати и проценки како што може да биде барано од страна на формуларите наведени во тие Табели ; и

г испраќање на извештај до Надлежниот орган во рок од 14 дена од предвидениот рок.

д сите извештаи ќе бидат потпишани од страна на назначено овластено лице од инсталацијата.

# 5. Известувања

5.1 Операторот ќе го извести Надлежниот орган без одложување :

а когa ќе забележи емисија на некоја супстанција која го надминува лимитот или критериумот на оваа Дозвола, наведен во врска со таа супстанција;

б кога ќе забележи фугитивна емисија што предизвикала или може да предизвика загадување, освен ако емитираната количина е многу мала да не може да предизвика загадување ;

в кога ќе забележи некаква неисправност, дефект или престанок на работата на постројката или техниките, што предизвикало или има потенцијал да предизвика загадување; и

г било какво несакано дејство што предизвикало или има потенцијал да предизвика загадување.

5.2 Операторот ќе даде писмено известување што е можно побрзо,за секое од следниве:

а перманентен престанок на работата на било кој дел или целата инсталација, за која се издава Дозволата;

б престанок на работата на некој дел или целата инсталација за која се издава Дозволата, со можност да биде подолг од една година; и

в повторно стартување на работата на некој дел или целата инсталација за која што се издава Дозволата, по престанокот по известување според 5.3 (б).

5.3 Операторот ќе даде писмено известување во рок од 14 дена пред нивното појавување, за следниве работи:

а било каква промена на трговското име на Операторот, регистарско име или адресата на регистарската канцеларија;

б промена на податоците за холдинг компанија на операторот (вклучувајќи и податоци за холдинг компанијата кога операторот станува дел од неа);

в за активности кои операторот оди во стечај склучува доброволен договор или е оштетен.

# 6. Емисии

## 6.1 Емисии во воздух

6.1.1 Емисиите во воздух од точката( ите ) на емисија ќе потекнуваат само од извор( и ) прикажани во документите наведени во Табела бр.6.1.1.1

| **Табела 6.1.1.1** | | |
|---|---|---|
| **Опис** | **Документ** | **Дата кога е примено** |
| Поглавје VI | Барање бр.17-4490/1<br>Генерална Еколошка Ревизија бр. 17-3874/7 | 31.10.2011<br>05.02.2021 |

6.1.2 Операторот вршел редовен мониторинг на амбиентниот воздух на начин претставен во документот: Барање за добивање дозвола за усогласување со оперативен план бр.17-4490/1 ,Поглавје XI и во издадената Дозвола.

6.1.3 Операторот ќе врши редовен мониторинг на амбиентниот воздух на начин претставен во документот Генерална Еколошка Ревизија бр.17-3874/7 од 05.02.2021 година.

6.1.4 Операторот ќе врши мониторинг на параметрите наведени во Табела 6.1.2а, на точките на емисија и најмалку со динамика наведена во Табелата.

| Табела 6.1.2 а : Граници на емисиите во воздух | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Параметри | Датум 08.07.2011 | Испуст од парен котел Minel, Beograd тип ТВ104, 1,62MW (Испуст А1) (концентрации) | | | | Фреквенција на мониторинг |
| Проток на воздух во канал | | 2247 ($Nm^3/h$) | | | | Два пати годишно |
| | | ($mg/m^3$) | ($mg/Nm^3$) | ГВЕ ($mg/Nm^3$) | Емит.количи. (kg/h) | |
| Јаглерод моноксид (CO) | | / | 4,6 | 170 | / | Два пати годишно |
| Сулфур двооксид ($SO_2$) | | / | 159 | 1 700 | / | Два пати годишно |
| Азотни оксиди (NOx) | | / | 373 | 350 | / | Два пати годишно |
| Цврсти честички (прашина) | | / | / | 100 | / | Два пати годишно |
| Гасовити неоргански соединенија на флуор изразени како HF | | | / | 5 | | Два пати годишно |
| Гасовити неоргански соединенија на хлор изразени како HCl | | | / | 30 | | Два пати годишно |

6.1.4 Емисиите кои потекнуваат од инсталацијата не треба да содржат нападен мирис надвор од границите на инсталацијата.

## 6.2 Емисии во почва

6.2.1 Нема емисии во почва видно од документ Генерална Еколошка Ревизија бр.17-3874/7 од 05.02.2021 година.

6.2.2 Операторот ќе го извести Надлежниот орган за секоја промена во врска со испуштање на емисии во почва.

### 6.3. Емисии во вода (различни од емисиите во канализација)

6.3.1 Нема емисии во површинските води кои потекнуваат од технолошкиот процес. Барање за добивање Дозвола за усогласување со оперативен план бр.17-4490/1 од 31.10.2011 година, Прилог VII.

6.3.2 Операторот ќе го извести Надлежниот орган за секоја промена во врска со испуштање на отпадната вода.

### 6.4 Емисии во канализација

6.4.1 Емисиите во канализација кои потекнуваат од технолошкиот процес се прикажани во документите наведени во Табела бр.6.3.1.1.

**Табела 6.4.1.1 Емисии во канализација**

| Опис | Документ | Дата кога е применo |
|---|---|---|
| Поглавје VII, Табела бр.VII.1-1 | Барање бр. 17-4490/1 | 31.10.2011 |
| | Генерална Еколошка Ревизија бр.17-3874/7 | 05.02.2021 |

6.4.2 Границите на емисиите во канализацијата за параметрите поставени во Табела 6.4.2.1 нема да бидат пречекорени во соодветниот временски период.

| Табела 6.4.2.1.: Граници на емисии во канализација | | | |
|---|---|---|---|
| Параметар | ГВЕ | После третирање | Фрекфенција на мониторинг |
| Технолошка отпадна вода | 04.07.2011 год. | | двапати годишно |
| ОПШТИ ПОКАЗАТЕЛИ | | | |
| pH | 6,0 - 9,5 | 12,9 | -//- |
| Температура,Т (°C) | 35 | / | -//- |
| Суспендирани честички ( mg/l) | / | 769 | |
| Талог (ml/l) | 10 | | |
| ОРГАНСКИ ПОКАЗАТЕЛИ | | | |
| Хемиска потрошувачка на кислород,НРК(mg/l $O_2$) | / | 280,89 | -//- |
| ВРК$_5$ (mg/l) | / | 266,5 | -//- |
| АНОРГАНСКИ ПОКАЗАТЕЛИ | | | |
| Бакар (Cu) ( mg/l) | 0,5 | 5,41 | -//- |
| Вкупен фосфор (P)( mg/l) | / | 1,9 | -//- |
| Сулфиди ( mg/l) | 1 | / | -//- |
| Сулфити ( mg/l) | 20 | / | -//- |
| Амониум ($NH_4$-N)(mg/l) | / | 1,1 | -//- |
| Вкупен (N) (mg/l) | / | 18,2 | -//- |

6.4.3 Операторот ќе врши редовен мониторинг (два пати годишно) на емисиите во канализацијата на начин претставен во документот: Барање за добивање дозвола за усогласување со оперативен план бр.17-4490/1 (Поглавје XI). Добиените резултатати ќе ги доставува редовно до Надлежниот орган.

6.4.4 Не смее да има емисии во канализацијата од страна на инсталацијата за која се издава Дозволата, на било која супстанција препишана за вода за која нема дадено граници во Табела 6.4.2.1.

## 6.5 Емисии на топлина

6.5.1 Нема термално испуштање кое ќе има влијание врз животната средина.

## 6.6 Емисии на бучава

6.6.1 Емисиите на бучава од локацијата треба да бидат во согласност со стандардите пропишани со националното законодавство ( Одлука за утврдување во кои случаи и под кои услови се смета дека е нарушен мирот на граѓаните од штетна бучава-Службен весник на РМ бр.1 од 01.01.2009 година и Правилник за локациите на мерни станици и мерни места-Службен весник на РМ бр.120 од 23.09.2008 година, Табела 6.6.1.1).

| **Табела 6.6.1.1.: Емисии на Бучава dB ( A )** | | | |
|---|---|---|---|
| | **Преку ден** | **Преку ноќ** | **Се однесува на** |
| **Подрачје од II степен** | **55** | **45** | **општ.Гази Баба** |
| **Подрачје од IV степен** | **70** | **60** | **„ВИНАРИЈАСКОВИН ГРУПА“ДООЕЛ - Скопје** |

6.6.2 Оценка на амбиенталната бучава-измерено ниво на бучава,Табела 6.6.2.1

| **Табела 6.6.2.1.: Оценка на амбиенталната бучава dB ( A ) 25.05.2011 година** | | | |
|---|---|---|---|
| **Референтни точки** | **Национален координатен систем** | **Нивоа на звучен притисок (dB)** | |
| | **(5N, 5E)** | **Leq(A)** | **Ld-Ln(A)** |
| **Граници на локацијата** | | | |
| **AN1** | **N:42,00048 E:21,28462** | **49,30** | **70-60** |
| **AN3** | **N:42,00019 E:21,28499** | **53,71** | **70-60** |

6.6.3 Операторот ќе врши редовен мониторинг (**еднаш годишно**) на нивото на емисија од бучава на начин претставен во документот: Барање за добивање дозвола за усогласување со оперативен план бр.17-4490/1, Поглавје XI. Добиените резултатати ќе ги доставува редовно до Надлежниот орган.

6.6.4 Нивото на емисиите од бучавата нема да ја надминат границата од 60 dB (надвор од локацијата на инсталацијата), согласно пропишаната граница

на дозволена бучавост согласно Одлуката за утврдување во кои случаи и под кои се смета нарушен мирот на граѓаните од штетна бучава ( Сл. Весник на РМ бр.1 од 01.01.2009 година ).

### 6.7 Емисии од вибрации

6.7.1 Од инсталацијата нема извори на вибрации кои влијаат на животната средина. Барање за добивање Дозвола за усогласување со оперативен план бр.17 – 4490/1 од 31.10.2011 година, Прилог X.

# 7. Пренос од пречистителна станица за отпадни води

# 7. Оперативен план

| Табела 8.1.1.: Оперативен план | | |
|---|---|---|
| Ознака | Мерка | Датум на завршување |
| 8.1 | **Активност бр.1**<br>**Контрола на количината на подземната вода што се користи како технолошка вода.**<br>Предвидена дата за почеток на реализацијата е месец јануари 2012 година.<br>Ќе се овозможи подобра контрола на потрошувачката на енергија,вода и суровини.<br>**Вредност на инвестицијата е 1.000,00 евра.** | реализирана |
| 8.2 | **Активност бр.2**<br>**Подобро ракување со суровините преку обезбедување на цистерната со нафта.**<br>Предвидена дата за почеток на реализација е месец март 2012 година.<br>Намалување на опасноста од емисија на штетни материи во почва и отпадна вода.<br>**Вредност на инвестицијата е 1.000,00 евра.** | реализирана. |
| 8.3 | **Активност бр.3**<br>**Замена на типот на фреон.**<br>**Предвидена дата за почеток на реализација е месец јуни 2012 година.**<br>**Намалување на опасноста од загадување на животната средина.**<br>**Вредност на инвестицијата е 2.000,00 евра.** | реализирана |
| 8.4 | **Активност бр.4**<br>**Подобрување на ракување со биоразградливиот отпадот.**<br>**Предвидена дата за почеток на реализација е месец февруари 2013 година.**<br>**Се очекува намалување на отпадот.**<br>**Вредност на инвестицијата е 5.000,00 евра.** | реализирана |
| 8.5 | **Активност бр.5**<br>**Склучување на договор со овластена компанија за одржување на трафостаница.**<br>**Предвидена дата за почеток на реализација е месец април 2012 година.**<br>**Ке се намали веројатноста од прекин на електрична енергија, ќе се овозможи правилно управување со отпадот и намалување на трошоците.**<br>**Вредност на инвестицијата е 2.000,00 евра.** | реализирана |

8.1 Операторот ќе ги спроведе договорените мерки наведени во Табела 8.1.1, заклучно со датумот наведен во таа табела и ќе испрати писмено известување до Надлежниот орган за датумот кога било комплетирана секоја мерка, во рок од 14 дена од завршувањето на секоја од тие мерки.

8.2 Операторот ги реализирал сите активности од оперативниот план кој е составен дел на барањето онака како што е писмено договорено со Надлежниот орган.

# 9. Договор за промени во пишана форма

9.1.1 Кога својството или како што е друго договорено написмено се користи со услов од дозволата, операторот ќе бара таков договор на следниот начин:

а Операторот ќе и даде на Надлежниот орган писмено известување за деталите на предложената промена, означувајќи го релевантниот(те) дел(ови) од оваа Дозвола и

а Ваквото известување ќе вклучува проценка на можните влијанија на предложената промена( вклучувајќи создавање отпад ) како ризик за животната средина од страна на инсталацијата за која се издава Дозволата.

9.1.2 Секоја промена предложена според условот 10.1. и договорена писмено со надлежниот орган, може да се имплементира само откако операторот му даде на Надлежниот орган претходно писмено известување за датата на имплементација на промената. Почнувајќи од тој датум, операторот ќе ја управува инсталацијата согласно таа промена и за секој релевантен документ што се однесува за тоа, дозволата ќе мора да се дополнува.

9.1.3 Сите позначајни промени во инсталацијата или работите поврзани со неа, а кои се од типот на :

- Материјална промена или зголемување на:
  - Природата или количината на било која емисија
  - Системите за намалување/третман или преработка
  - Опсег на процесите што се извадуваат
  - Горивата, суровините, меѓупродуктите, продуктите или создадениот отпад, или
- Било какви промени :

  Инфраструктурата на управување со локацијата или контрола на несакано еколошко влијание врз животната средина.

Ќе се изведуваат или ќе започнат со претходно известување за тоа и во договор со Надлежниот орган.

# 10. Додаток 1

## 10.1 Писмена потврда за условот 5.1 ( известувања), согласно условот 5.2

Овој Додаток ги прикажува информациите што операторот треба да ги достави до Надлежниот орган за да го задоволи условот 5.2 од оваа Дозвола.
Мерните единици користени во податоците прикажани во делот А и Б треба да бидат соодветни на условите на емисијата. Онаму каде што е можно, да се направи споредба на реалната емисија и дозволените граници на емисијата.
Ако некоја информација се смета за доверлива, треба да биде одделена од оние што не се доверливи, поднесена на одделен лист заедно со барање за комерцијална доверливост во согласно со Законот за животна средина.

Потврдата треба да содржи

### *Дел А*

☐ Име на операторот.

☐ Број на дозвола.

☐ Локација на инсталацијата.

☐ Датум на доставување на податоци.

☐ Време, датум и локација на емисијата.

☐ Карактеристики и детали на емитираната(ите) супстанција(и), треба да вклучува :

☐ Најдобра проценка на количината или интензитетот на емисија, и времето кога се случила емисијата.

☐ Медиум на животната средина на кој што се однесува емисијата.

☐ Превземени или планирани мерки за стопирање на емисијата

### *Дел Б*

☐ Други попрецизни податоци за предметот известен во Делот А

☐ Превземени или планирани мерки за спречување за повторно појавување на истиот проблем.

☐ Превземени или планирани мерки за исправување, лимитирање или спречување на загадувањето или штетата на животната средина што може да се случи како резултат на емисијата.

☐ Датуми на сите известувања од Делот А за време на претходните 24 месеци.

☐ Име ☐ Пошта.................................

☐ Потпис ☐ Датум

☐ Изјава дека потпишаниот е овластен да потпишува во име на операторот.

# 11. Додаток 2

## 11.1 Извештаи за податоците од мониторингот

Параметрите за кои извештаите ќе бидат направени, согласно условите 4.2 од оваа Дозвола, се наведени подолу

| Табела Д2: Извештаи за податоците од мониторингот | | | |
|---|---|---|---|
| **Параметар** | **Точка на емисија** | **Период за давање извештаи** | **Почеток на периодот** |
| Мониторинг на емисии во атмосферата | Еден испуст од парен котел ММ1 | Два пати годишно | По добивање на Дозволата |
| Мониторинг на емисии во канализација | С1 | Два пати годишно | По добивање на Дозволата |
| Мониторинг на нивото на емисија од бучава | AN1 и AN3 | еднаш годишно | По добивање на Дозволата |
| Евиденција на инциденти | На место на инцидентот | Во рок од 24 часа од настанот на инцидентот | Во рок од 24 часа од настанот на инцидентот |
| | | | |